**НАЦРТ - ОБРАЗЕЦ**
**ЗА ЕВРОПСКИ АУДИОВИЗУЕЛНИ ДЕЛА И ЕВРОПСКИ ДЕЛА ОД НЕЗАВИСНИ ПРОДУЦЕНТИ (ЗА ____ ГОДИНА)**

## Вкупно емитувана програма и вкупно емитувани европски аудиовизуелни дела

| Видови програми | Вкупен обем на програма (во часови и минути) | Европски аудиовизуелни дела (во часови и минути) | Европски аудиовизуелни дела (%) |
|---|---|---|---|
| Програми со забавна функција | | | |
| Програми со образовна функција | | | |
| Програми со информативна функција | | | |
| ВКУПНО: | | | |

**Упатство за пополнување**: Првите две колони од оваа табела ги пополнувате така што ги препишувате соодветните податоци од поединечните табели (кои следуваат понатаму во образецов, а кои треба да ги пополните први), а за последната колона пресметувате процент, согласно упатството што ви е дадено подолу. Правилното пополнување на оваа табела ќе го покажеме преку примерот за првиот ред **Програми со забавна функција)**, каде, за првите две колони од оваа табела, треба да се користат податоците од табелата **Европски аудиовизуелни дела со забавна функција.** Во првата колона **Вкупен обем на програмата (во часови и минути)** треба да го впишете збирот **Вкупно** што се наоѓа најдолу во осмата колона од табелата **Европски аудиовизуелни дела со забавна функција** (**Вкупно времетраење на годишно ниво)**. Во втората колона **Европски аудиовизуелни дела (во часови и минути)** треба да го впишете збирот **Вкупно** што се наоѓа најдолу во деветтата колона од табелата **Европски аудиовизуелни дела со забавна функција (Вкупно времетраење на премиерата и на првата реприза на европските дела)**. Во третата колона треба да го впишете процентот на емитувани европски аудиовизуелни дела така што ќе пресметате колкав процент претставуваат **Европските аудиовизуелни дела** (втора колона од оваа табела) од **Вкупниот обем на програма** (прва колона од оваа табела). По истиот принцип се пополнуваат податоците за сите видови програми од оваа табела.

## Европски аудиовизуелни дела со забавна функција

| Наслов на програмата со забавна функција | Година на произ-водство | Земја на потекло | Дали е европско дело? | Број на епизоди | Вкупно траење (ако е во епизоди, сите епизоди заедно) | Број на емитува-ња годината. | Вкупно времетраење на годишно ниво | Вкупно траење на премиерата и на првата реприза на европските дела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | **Вкупно:** | | |

**<u>ВАЖНО</u>:** Како европски аудиовизуелни дела се класифицираат следниве програми со забавна функција**: <u>забавно – информативна, забавна говорна шоу програма, забавно – образовна програма, забавно - документарна програма, спортски магазини, играна програма (телевизиски и кинематографски филмови, анимирани филмови, серии, серијали, театарски претстави, хумор и сатира, реалистични играни серијали), музичка програма (музичко – говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, танци, балет, опера и сл., музичка реалистична програма), вариете, формат на реалистична телевизија (скриена камера, преноси или снимки од натпревари на анонимни изведувачи, медиумски обликуван социјален експеримент, преноси или снимки од секојдневнието на јавни личности, симулирана „реалистична“ реконструкција) и друга забавна програма</u>** (дефинирани во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми).

**Упатство за пополнување**: Во оваа табела треба да ги внесете податоците за програмите со забавна функција од видовите наведени погоре, кои се емитувани на вашата телевизија во текот на претходната година (____), без оглед од која земја потекнуваат. Во првите три колони треба да ги наведете основните податоци за филмот/серијата/емисијата/концертот: насловот, годината на производство и земјата на потекло. Во четвртата колона, треба да впишете дали тоа дело е европско или не. Ова го определувате според земјата на потекло која ја впишувате во третата колона од оваа табела. За да дадете точен податок, **<u>проверете во листата на земји дадена во Прегледот на земјите</u>** на крајот од Образецов. Начинот на кој треба да ги пополните петтата, шестата, седмата и осмата колона од оваа табела се разликува во зависност од тоа дали забавната програма се состои од една или од повеќе епизоди.

**Варијанта 1 - програма со забавна функција од еден дел (филмови, театарски претстави, забавни емисии со само една епизода и сл.)**: Во петтата колона треба да го впишете траењето на програмата во часови и минути. Во шестата колона треба да напишете колку пати е емитувана таа програма на вашата телевизија (еднаш, двапати, трипати итн.), а во седмата - вкупното траење на сите емитувања - во часови и минути. На пример, ако еден филм трае 1 ч. и 30 мин. и вашата телевизија го емитувала четирипати во текот на ____ година, во петтата колона треба да напишете: **1 ч. и 30 мин.**, во шестата: **четирипати**, а во седмата: **шест часа.** Доколку филмот е емитуван само еднаш, запишете го само времетраењето на тоа емитување.

**Варијанта 2 – програма со забавна функција од повеќе епизоди (серии, серијали, забавни програми со редовни дневни/неделни/месечни термини на емитување)**: Во петтата колона го впишувате бројот на епизоди од кои се содржи програмата, а

се емитувани во претходната (____) година - на пример 154 епизоди. Во шестата колона не го пишувате траењето на секоја епизода поединечно, туку на сите епизоди заедно, на пример ако секоја епизода трае по 30 мин., тогаш за серијата од 154 епизоди ќе напишете **77 ч.** Во седмата колона треба да напишете колку пати во текот на годината сте ја емитувале целата програма, на пример, ако секоја епизода од серијата сте ја емитувале трипати во текот на годината (дури и ако сите три емитувања биле во текот на еден ден), тогаш серијата сте ја емитувале **трипати**. Во осмата колона треба да ја впишете бројката (претворена во часови и минути) што ќе ја добиете со множење на броевите од шестата и од седмата колона, на пример: серијата вкупно трае 77 ч. (податок од шестата колона), а вашата телевизија ја емитувала трипати (податок од седмата колона), тогаш во осмата колона треба да впишете **231 час.** Доколку серијата е емитувана само еднаш, запишете го само времетраењето на тоа емитување.

**ВНИМАВАЈТЕ:** Во процентот за европски аудиовизуелни дела се вбројуваат само премиерата и првото репризно емитување на програмите со забавна функција, затоа деветтата и десеттата колона ги пополнувате **само за европските аудиовизуелни дела**. Во деветтата треба да го напишете (во часови и минути) само вкупното траење на премиерното и на првото репризно емитување на конкретната програма со забавна функција на вашата телевизија во ____ год. На пример, ако една серија е емитувана трипати, вие во деветтата колона го пишувате само траењето на првите две емитувања, односно бројката од шестата колона (во нашиот пример 77 ч.) ја множите со два и во деветтата колона треба да напишете **154** часа. Ако емисијата е емитувана само еднаш, запишете го само траењето на тоа емитување. Во последниот ред од табелата **Вкупно**, треба да ги впишете збировите (во часови и минути) само за двете последни колони, односно **Вкупно времетраење на годишно ниво** за сите емисии со забавна функција и **Вкупно времетраење на премиерата и на првата реприза на европските дела**.

***Бројот на редови во оваа табела зголемете го онолку колку што ви треба за да ги впишете податоците за сите видови програми со забавна функција кои влегуваат во пресметката за европски аудиовизуелни дела, а кои вашата телевизија ги емитувала во текот на годината.

## Европски аудиовизуелни дела со образовна функција

| Наслов на програмата со образовна функција | Год. на произ-водство | Земја на потекло | Дали е европско дело? | Број на епизоди | Вк. траење на инф. прогр. (ако е во епизоди, сите епизоди заедно) | Број на емитува-ња во текот на год. | Вкупно времетраење на годишно ниво | Вк. траење на премиерата и на првата реприза на европски дела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | **Вкупно:** | | |

**<u>ВАЖНО</u>:** Како европски аудиовизуелни дела се класифицираат следниве програми со образовна функција**: <u>образовна програма, образовно – забавна програма, образовно – забавна програма за физичка култура и рекреација, документарна програма, документарно – забавна програма, програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки со образовна функција, документарна програма со религиозна тематика, друга програма со образовна функција</u>** (дефинирани во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми).

**Упатство за пополнување**: Се пополнува по истиот принцип како и табелата за **Европски аудиовизуелни дела со забавна функција**.

## Европски аудиовизуелни дела со информативна функција

| **Наслов на информативната програма** | **Год. на произ-водство** | **Земја на потекло** | **Дали е европско дело?** | **Број на епизоди** | **Вк. траење на инф. прогр. (ако е во епизоди, сите епизоди заедно)** | **Број на емитува-ња во текот на год.** | **Вкупно времетраење на годишно ниво** | **Вк. траење на премиерата и на првата реприза на европски дела** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | **Вкупно:** | | |

**ВАЖНО:** Како европски аудиовизуелни дела се класифицираат следниве програми со информативна функција: **актуелно – информативни програми, актуелно – информативни програми со документаристички пристап, актуелно – информативна говорна шоу програма, информативни магазини, специјализирани информативни емисии, информативно - забавна програма, информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки и друга информативна програма** (дефинирани во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми).

**Упатство за пополнување**: Се пополнува по истиот принцип како и табелата за **Европски аудиовизуелни дела со забавна функција**.

# Европски аудиовизуелни дела од независни продуценти
# (за ____ година)

**Табела 1.**

| | **Денари** | **%** |
|---|---|---|
| **Вкупен годишен буџет наменет програма** | | **100%** |
| **Средства издвоени за дела од независни продуценти** | | |

**Табела 2. Преглед на европските аудиовизуелни дела произведени од независни продуценти**

| **Назив на делото** | **Земја на потекло** | **Име на независниот продуцент** | **Година на производство** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Упатство за пополнување**:

**Во Табела 1**, во првиот ред се впишува само делот од годишниот буџет кој е наменет за програма (производство или купување), а во вториот ред само средствата издвоени за дела од независни продуценти (во првата колона во денари, а потоа во втората колона како процент од годишниот буџет наменет за програма).

**Во Табела 2**, се прави преглед **<u>на сите дела произведени од независни продуценти</u>**, а за кои, во текот на календарската година за која се известува се потрошени средства од годишниот буџет за програма. За секое од нив се даваат податоци за земјата на потекло, името на независниот продуцент и годината на производство.

## Преглед на земјите чиишто аудиовизуелни дела се квалификуваат како европски според географскиот услов

Поимот “европски аудиовизуелни дела” е дефиниран преку низа од четири меѓусебно испреплетени услови (барања) според кои се определува дали некоја програма може да се категоризира како европско аудиовизуелно дело.

Условите се однесуваат на:

- географското потекло на програмите;
- ангажираната работна сила;
- контролата на продукцијата; и
- копродукциските барања.

***Географско потекло на програмите***

За една програма да се квалификува како европска продукција, мора да потекнува од европска земја која припаѓа на една од следниве три категории:

- Држава членка на Европската унија;
- Држава страна потписничка на Европската конвенција за прекугранична телевизија на Советот на Европа;
- Трети европски земји со кои Европската унија има склучено договори што се однесуваат на аудиовизуелниот сектор.

Земјите што се квалификувани врз основа на географскиот услов се: **Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Германија, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија, Шпанија, Шведска, Велика Британија, Кипар, Чешка Република, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, Словенија, Бугарија, Романија,Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина, Лихтенштајн, Молдавија, Норвешка, Сан Марино, Швајцарија, Ватикан, Црна Гора, Србија, Украина, Исланд, Турција и Македонија.**

***Ангажирана работна сила***

Условот што се однесува на работната сила вели дека мнозинството од авторите и работниците ангажирани во продукцијата на некое дело мора да живеат во некоја од земјите што се квалификувани врз основа на географскиот услов.

***Контрола на продукцијата***

Програмите што потекнуваат од државите-членки на ЕУ или од другите земји што се квалификувани врз основа на географскиот услов, за да се сметаат за европски дела подлежат на дополнителна контрола во однос на продукцијата. Имено, програмите мора да бидат направени од продукциска компанија или компании лоцирани во една од квалификуваните земји од географски аспект или продукцијата мора да биде контролирана од продукциска компанија лоцирана во една од овие земји.

***Копродукциски барања***

Во случаите кога програмите се произведуваат како копродукции со продуценти што не се лоцирани во некоја од квалификуваните земји, за програмата да се смета за европско дело, европскиот копродуцент треба да ги обезбеди најголем дел од финансиските средства што се неопходни за продукција на делото и да ја задржи контролата врз процесот на продукција.

Во случаите кога копродукцијата врз основа на географскиот услов не се квалификува како европска (на пример, кога продуцент од САД ќе ги обезбеди финансиските средства), но мнозинството од авторите и работниците ангажирани во проектот живеат во една или повеќе држави членки на Европската унија, програмата ќе се смета за европско дело доколку е произведена во рамките на билатерален копродукциски договор и ако продукцијата е контролирана од продуцент од некоја од државите-членки на ЕУ, односно во овие случаи делата ќе се сметаат за европски, сразмерно на процентот на придонес на копродуцентите од ЕУ во вкупните продукциски трошоци.